// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КУМАНОВО



| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ | Година LXV Број 10 Куманово 3 јули 2020 г. | Претплата за 2020 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|



**239.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висина на комуналните такси**

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на висина на комуналните такси, Бр. 09 - 4158/7, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4275/1
2 јули 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**240.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16), член 2 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 154/20) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за утврдување на висина на комуналните такси**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висина на комуналните такси („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 10/05, 7/10, 5/16 и 6/20), во член 2 тарифен број 3, по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност нема да се наплаќа за време на траењето на вонредната состојба.“

Член 2

На обврзниците кои што ја платиле комуналната такса од членот 1 на оваа Одлука, платениот износ ќе им се засмета како уплата за претходни или идни обврски за истиот вид на комунална такса.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“, а ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба.

Бр.09 – 4158/7<br>1 јули 2020 година<br>Куманово

Совет на Општина Куманово<br>Претседател,<br>**Атина Мургашанска, с.р.**

**241.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за комунален ред во Општина Куманово**

1. Се објавува Одлука за дополнување на Одлуката за комунален ред во Општина Куманово, Бр. 09 - 4158/8, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4276/1<br>2 јули 2020 година<br>Куманово

Градоначалник<br>на Општина Куманово,<br>**Максим Димитриевски, с.р.**

**242.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 12 став (2) од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18) и член 25 став (1) точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за комунален ред во Општина Куманово**

Член 1

Во Одлуката за комунален ред во Општина Куманово, бр. 09-1062/8 од 11 февруари 2015 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 2/15), во членот 57, по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Државните институции и правните лица (кои се во целосна или делумна сопственост на државата), како и Општина Куманово и општинските јавни

претпријатија и установи, со своите возила можат да вршат транспорт, утовар и истовар, и надвор од временскиот период дефиниран во ставот 4 од овој член.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4158/8
1 јули 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**243.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност за аплицирање на Јавен повик за изработка на техничка документација од страна на Фондот за техничка документација при УНДП, објавен и финансиран од страна на УНДП и Кралството Шведска**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за аплицирање на Јавен повик за изработка на техничка документација од страна на Фондот за техничка документација при УНДП, објавен и финансиран од страна на УНДП и Кралството Шведска, Бр. 09 - 4158/9, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4277/1
2 јули 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**244.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово‘‘ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 01 јули 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за аплицирање на Јавен повик за изработка на техничка документација од страна на Фондот за техничка документација при УНДП, објавен и финансиран од страна на УНДП и Кралството Шведска**

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Куманово дава согласност за аплицирање на јавен повик за поднесување на предлози за: „Подготовка на проекти за локален развој за финансирање од националните и меѓународните развојни фондови – „Фонд за техничка документација“, по проектот: „Градење на општинските капацитети за спроведување проекти“ објавен и финансиран од страна на УНДП и Кралството Шведска, за изработка на техничка документација за линиска инфраструктура и тоа:

изработка на линиски инфраструктурен проект за изградба на улици во с. Лопате, изработка на основни проекти со ревизии исто така за изградба на улици во с. Лопате, како и сите потребни геодетски елаборати (ажурирана подлога, нумерички податоци, елаборат за експропријација) и елаборат/и за заштита на животна средина исто така за с. Лопате во општина Куманово.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4158/9
1 јули 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**245.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност недвижни ствари на Општина Куманово да се дадат под закуп по пат на електронско јавно наддавање**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност недвижни ствари на Општина Куманово да се дадат под закуп по пат на електронско јавно наддавање, Бр. 09 - 4158/10, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4278/1
2 јули 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**246.**

Врз основа на член 67 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност недвижни ствари на Општина Куманово да се дадат под закуп по пат на електронско јавно наддавање**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност Општина Куманово преку Комисија за недвижни и движни ствари да спроведе постапка за давање под закуп на недвижни ствари, дадени на користење без надомест на Општина Куманово со Договор за времето, начинот и условите за користење на недвижни ствари меѓу Република Македонија – Министерство за одбрана и Општина Куманово бр. 03-718/1 од 31.01.2006 година во кој со член 10 став 3 е предвидено дека

недвижните ствари, предмет на овој договор, Општина Куманово може да ги дава под закуп на други физички и правни лица.

Недвижната ствар која е предмет на постапка за давање под закуп на јавно наддавање е запишана во Имотен Лист бр.224 К.О. Длабочица и тоа:

- Помошна просторија, парцела 1519, зграда 1, влез 01, кат ПО, намена В4-1, с.Длабочица, површина 142 м2
- Деловна просторија, парцела 1519, зграда 1, влез 01, кат ПР, намена В4-1, с.Длабочица, површина 293 м2
- Помошни површини, парцела 1519, зграда 1, влез 01, кат ПР, намена В4-1, с.Длабочица, површина 12 м2
- помошна просторија, парцела 1519, зграда 2, влез 01, кат ПР, намена В4-1, с.Длабочица, површина 32 м2

Член 2

Вредноста на недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука ја определува Бирото за судски вештачења, односно овластен проценител, согласно Законот за проценка.

Член 3

Висината на почетната месечна закупнина ќе изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижните ствари.

Член 4

Давањето во закуп на недвижните ствари ќе се спроведе според одредбите на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост за временски период од 10 (десет) години.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр 09 – 4158/10
1 јули 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**247.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари, сопственост на Општина Куманово, на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари, сопственост на Општина Куманово, на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово, Бр. 09 - 4158/11, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4279/1
2 јули 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**248.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари, сопственост на Општина Куманово, на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ - Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ - Куманово му се даваат на трајно користење, без надомест, возило Трактор Махиндра 6030 4ВД со кабина, број на шасија MZUMAWBK0235M, број на мотор K5HF0038, и Атомизер 1000 литри Холсан со кардан со сериски број 33, сопственост на Општина Куманово, за службени потреби на претпријатието.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 4158/11 Совет на Општина Куманово
1 јули 2020 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**249.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп, Бр. 09 - 4158/5, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4273/1 Градоначалник
2 јули 2020 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**250.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19), член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на

Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 01 јули 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп**

1. Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп, Бр. 02 – 247/2, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 26.06.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Куманово".

Бр. 09 – 4158/5
1 јули 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**251.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за финансиско работење на ЈП „Куманово - план‘‘ - Куманово за период од 01.01.2020 – 31.03.2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за финансиско работење на ЈП „Куманово - план‘‘ - Куманово за период од 01.01.2020 – 31.03.2020 година, Бр. 09-4158/3, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4271/1
2 јули 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**252.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19) и член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово - план‘‘ - Куманово за период од 01.01.2020 – 31.03.2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за финансиско работење на ЈП „Куманово - план‘‘ - Куманово за период од 01.01.2020 – 31.03.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4158/3 Совет на Општина Куманово
1 јули 2020 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**253.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за период Јануари – Март 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за период Јануари – Март 2020 година, Бр. 09-4158/4, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4272/1 Градоначалник
2 јули 2020 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**254.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19) и член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансиски извештај за работа на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за период Јануари – Март 2020 година**

1. Се усвојува Финансискиот извештај за работа на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за период Јануари – Март 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4158/4 Совет на Општина Куманово
1 јули 2020 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**255.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2019 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2019 година, Бр. 09-4158/6, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 јули 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4274/1
2 јули 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**256.**

Врз основа на член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 јули 2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програма на културни манифестации на Општина Куманово за 2019 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 - 4158/6
1 јули 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

## СОДРЖИНА

**239.** Заклучок за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висина на комуналните такси.......................... 219

**240.** Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висина на комуналните такси........................ 219

**241.** Заклучок за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за комунален ред во Општина Куманово........................................... 220

**242.** Одлука за дополнување на Одлуката за комунален ред во Општина Куманово............................ 220

**243.** Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за аплицирање на Јавен повик за изработка на техничка документација од страна на Фондот за техничка документација при УНДП, објавен и финансиран од страна на УНДП и Кралството Шведска........................... 221

**244.** Одлука за давање согласност за аплицирање на Јавен повик за изработка на техничка документација од страна на Фондот за техничка документација при УНДП, објавен и финансиран од страна на УНДП и Кралството Шведска........................... 221

**245.** Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност недвижни ствари на Општина Куманово да се дадат под закуп по пат на електронско јавно наддавање 222

**246.** Одлука за давање на согласност недвижни ствари на Општина Куманово да се дадат под закуп по пат на електронско јавно наддавање.......................................... 222

**247.** Заклучок за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари, сопственост на Општина Куманово, на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово............................................ 223

**248.** Одлука за давање на трајно користење на движни ствари, сопственост на Општина Куманово, на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ – Куманово........................ 224

**249.** Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп............................ 224

**250.** Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп............................ 224

**251.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за финансиско работење на ЈП „Куманово - план“ - Куманово за период од 01.01.2020 – 31.03.2020 година................................................. 225

**252.** Заклучок за усвојување на Извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово - план“ - Куманово за период од 01.01.2020 – 31.03.2020 година................................................. 225

**253.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за период Јануари – Март 2020 година... 226

**254.** Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за период Јануари – Март 2020 година................ 226

**255.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2019 година.................................... 226

**256.** Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма на културни манифестации на Општина Куманово за 2019 година..... 227